ОДУ бр.409/17

Република Македонија
**Н О Т А Р**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**
ул.Јане Сандански бр.1лок.29
Битола 17.05.2016 во 12.00 часот
седумнаесетти мај две илјади и седумнаесетта година

# Н О Т А Р С К И  А К Т
# ЗАПИСНИК ЗА XXXX СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА СТОПАНСКА БАНКА АД БИТОЛА

**-и з в о д-**

Јас Нотар Луиза Христова од Битола, именувана за подрачјето на Основниот суд Битола, со седиште во Битола на ул.Јане Сандански бр.1лок.29, потврдувам дека денес на седумнаесетти мај две илјади и седумнаесетта година во дванаесет часот, поради постапка за водење на записник на XXXX редовна седницата на Собрание на акционери на СТОПАНСКА БАНКА АД Битола со седиште во Битола на ул. Добривоје Радосавлевиќ бр.21, со ЕМБС 5026377, излегов надвор од нотарската канцаларија, во салата за конференции на Хотел Капри во Битола на ул.Довлецик бб, врз основа на чл.383 став 3 од Законот за трговски друштва.-------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------

Од формално правен аспкт нотарот констатира дека за составување на овој записник во форма на нотарски акт се исклучува присуство на сведоци предвидени во чл. 59, во врска со чл.40 став 6 од Законот за нотаријат, бидејки председавачотр со ова собрание Томислав Давков, изричито изјави дека бара и е согласен актот да се склучи без присуство на сведоци, а нотарот се согласува со таквото барање и изјава на председавачот.. ---------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------

Собранието на акционери го отвори Томислав Давков, кој кажа дека согласно Деловникот за работа на Собранието, Надзорниот одбор на Банката на својата 10-та седница одржана на ден 11.04.2017 година, одлучи да се свика XXXX - та (четириесетата) седница на Собранието на Банката, го утврди дневниот ред и донесе Одлука истото да се одржи на ден 17.05.2017 година.Повикот за свикување на ова Собрание, со Предлог дневниот ред се објави на интернет страницата на Банката www.stbbt@stbbt.com.mk, во дневниот весник ДНЕВНИК на 13.04.2017 година и на интернет страната на Македонската берза. ---------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------

Предлог одлуките од акционерите по точките од дневниот ред, заедно со мислењата од надзорниот одбор, како и податоци за предложените членови се објавени на интернет страницата на Банката www.stbbt@stbbt.com.mk, веднаш по приемот. Истите се составен дел и на пишаниот материјал доставен пред почетокот на седницата.-------------------------------------------------------------------------

Материјалите на сите акционери им беа достапни во просториите на Стопанска банка а.д. Битола, како и интернет страницата на Банката www.stbbt@stbbt.com.mk
Ги поздравува присутните претставници на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола и гости на Собранието на Банката. ---------------------------------------------------

Во согласност со член 395, став 3, од Законот за трговски друштва, мандатот на претседавачот на собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание. На последната седница на Собранието на Стопанска Банка а.д. Битола за претседавач беше избран Томислав Давков, заради што го продолжи водењето на седницата до изборот на нов претседавач.-----------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Понатаму Томислав Давков ги извести присутните дека од извршениот увид во акционерската книга добиена 48 часа пред одржувањето на собранието (15.05.2016 година во 12,41 часот) и верификуваниот список на присутни акционери, односно нивни полномошници, се констатира дека е обезбеден кворум за работа, односно од вкупно 390.466 акции со право на глас, кои се во посед на 1203 акционери, присутни се представници на 123 акционери, односно нивни полномошници кои поседуваaат вкупно 297.906 акции со право на глас, што претставува 76,29% од вкупниот број на акции со право на глас. (од обичните акции). Од ова произлегува дека е обезбеден кворум за работа на ова акционерско собрание.---------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Томислав Давков кажа дека согласно Деловодникот за работа на собраните предложи да се премине кон избор на Председавач на Собранието на акционери, со тоа што за председавач не може да биде избрано лице кое е член на орган на управување. -----------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Се преминува кон точка 2.1 од процедуралниот дел од дневниот ред, за избор на председавач, при што Томислав Давков ги повика присутните акционери да дадат предлог за Председавач со денешната седница на собранието. ----------

За збор се јави Петар Ристевски којпредложи за Председавач со ова собрание на акционери да биде избран Томислав Давков -----------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Други предлози од присутните не беа дадени.----------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Предлогот беше ставен на гласање и присутните акционери со 297.906 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната -----------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------**О Д Л У К А** ---------------------------------------------

------------------------------ **за избор на председавач** ------------------------------------------

**1.** За претседавач на XXXX - та седница на собрание на акционери на Стопанска банка АД Битола, што се одржува на ден 17.05.2017 година, се избира представникот на акционерот ЗК Пелагонија АД Битола Томислав Давков . ----------------------------------------------------------------------------

**2.** Мандатот на претседавачот трае до наредното собрание на акционери на Стопанска банка АД - Битола -----------------------------------------------------------

**3.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.----------------------------

/////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Томислав Давков, се заблагодари за довербата и изборот за председавач и продоложи да ја води седницата, со предлог да се продолжи со изборот на работните тела и да се премине кон точка 2.2 од процедуралниот дел од дневниот ред и да се изберат бројачи на гласови.-------------------------------------

Од своја страна предложи за бројачи на гласови да се изберат Миле Ивановски и Стефан Личовски. -------------------------------------------------------

Бидејќи други предлози не беа дадени, председавачот својот предлог го стави на гласање и присутните акционери со 297.906 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната

---

**О Д Л У К А**

**за избор на бројачи на гласови**

**1.** За бројачи на гласовите при гласањето на на XXXX - та седница на собрание на акционери на Стопанска банка АД Битола , што се одржува на ден 17.05.2017 година, се избираат акционерите:---

- Миле Ивановски и---

-Стефан Личовски. ---

**2.** Оваа одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.---

////////////////////////////////////////

Председавачот ги извести присутните акционери дека записникот за оваа седница на собранието го води Нотар Луиза Христова ---

////////////////////////////////////////

Председавачот констатира дека процедуралниот дел е исцрпен и предложи да се премине кон работниот дел.---

Председавачот констатира дека се ова акционерско собрание е објавен следниот ---

////////////////////////////////////////

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

I. **ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ**
   - **1.** Отворање на Собранието на акционери
   - **2.** Избор на работни тела
   - **2.1.** Избор на претседавач на Собранието
   - **2.2.** Избор на 2 бројачи на гласови
   - **3.** Констатирање на кворум за работа на Собранието

II. **РАБОТЕН ДЕЛ**

1. Разгледување на записник од 38. седница на Собранието на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола одржана на 11. 5. 2016 година
2. Разгледување на записник од 39. седница на Собранието на акционерите на Стопанска банка а.д. Битола одржана на 22.02. 2017 година
3. Предлог-одлука за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола, со прилог
   -Деловник за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст);
4. Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола;
5. Годишен извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година, со прилог
   - Мислење од Надзорниот одбор на Банката;
   - Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај и Мислењето од Надзорниот одбор;
6. Извештај за работата на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола за 2016 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со прилог
   - Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;

7. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по годишна сметка за 2016 година со мислење на Друштвото за ревизија „ГРАНТ ТОРНТОН ДОО Скопје“, со прилог
   - Мислење од Надзорниот одбор на Банката;
   - Предлог-одлука за усвојување на Извештајот и Мислењето од Надзорниот одбор на Банката;
8. Годишна сметка на Стопанска банка а.д Битола за 2016 година, со прилог
   - Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка;
9. Предлог-одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2016 година на Стопанска банка а.д. Битола.

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот го стави на гласање овој дневен ред и акционерите со 297.906 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, го прифатија ваквиот дневен ред ----------------------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Председавачот Томислав Давковкажа дека се преминува кон разгледување на точките од дневниот ред и истакна дека на секој акционер предлог одлуките по точките од дневниот ред му беа достапни на интернет страната на Банката, како и во просториите на Банката. Исто така дадени се и во писмена форма во материјалите пред почетокот на седницата. Секој присутен акционер, согласно член 391-б, има право да поставува прашања по секоја од точките на дневниот ред. Друштвото чии акции котираат на берза и друштвото кое согласно законот за хартии од вредност е со посебни обврски за известување е должно одговорите на поставените прашања на седница на собранието на друштвото да ги објави на својата интернет страница во формат на прашање и одговор. ----------------------------

Председавачот го определува редоследот на работата по дневниот ред, а воедно се грижи за одржување на редот на седницата. Натаму ја води расправата по точките од дневниот ред.------------------------------------------------------------------------------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ПРВА ТОЧКА**.Предаседавачот предложи да се премине кон работниот дел од дневниот ред по 1-та точка од дневниот ред, Разгледување на Записникот од 39-та седница од Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на 11.05.2016 година. ----------------------------------------------------------------

Записникот беше ставен на увид на сите акционери и е составен дел на материјалите за ова собрание, па никој од присутните акционери немаше примедба на записникот и затоа председавачот предложи да се донесе одлука за усвојување на овој записник, па акционерите со 297.906 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ----------------------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------- **О Д Л У К А** ----------------------------------------

СЕ УСВОЈУВА Записникот од 38- та седница од Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на11.05.2016 година, составен во форма на нотарски акт од Нотар Луиза Христова ОДУ бр.378/16 ----------------

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ВТОРА ТОЧКА**.Предаседавачот предложи да се премине кон 2-та точка од дневниот ред, Разгледување на Записникот од 39- та седница од Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на 22.02.2017 година. ------

Записникот беше ставен на увид на сите акционери и е составен дел на материјалите за ова собрание, па никој од присутните акционери немаше примедба на записникот и затоа председавачот предложи да се донесе одлука

за усвојување на овој записник, па акционерите со 297.906 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------- **О Д Л У К А** ----------------------------------------

СЕ УСВОЈУВА Записникот од 39- та седница од Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на 22.02.20176 година, составен во форма на нотарски акт од Нотар Луиза Христова ОДУ бр.130/17 ----------------
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ТРЕТА ТОЧКА**. Председавачот предложи да се преимине кон третата точка од дневниот ред по 3-та точка од дневниот ред, Предлог-одлука за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола, со прилог Деловник за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) -------------------------------------------

Се чита Предлог Одлуката за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола - објавена на веб страна и на интернет страната на Македонската берза како и составен дел на материјалите за Собрание. ------------------------------------------------------------------------

По ова точка председавачот отвори претрес но никој не се јави за збор.---------
--------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот ја стави на гласање предлог одлуката за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола, со прилог Деловник за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст), па акционерите со 294.409 гласови ЗА што претставуваат 98,83% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 3.497 гласови ВОЗДРЖАНИ, кои претставуваат 1,17% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ја донесоа следната ----------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------

-------------------------------------- **О Д Л У К А** ----------------------------------------

**за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола**

--------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-2148/11-18 од 18.5.2011 година.

**Член 2**

Во дел **I. „Општи одредби“** од Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола се врши измена и дополнување на **член 1** и истиот ќе гласи:

„Со овој Деловник поблиску се регулира начинот на работа на Собранието како и -- други прашања од значење за работа на Собранието, свикување на седниците, пријавување евиденција за присуство, кворум за работа и мнозинството со кое се одлучува, водење на седниците, продолжување прекинатата седница, начин на гласање, спроведување тајно гласање и записник од одржаните седници на Собранието на акционери на Банката.“

**Член 3**

Во дел **I. „Општи одредби“** од Деловникот за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола се врши измена на **член 3**, и истиот ќе гласи:

„Акционерите своите права во Банката ги остваруваат на Собранието.

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот, му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас, освен ако со закон поинаку не е определено.

Членовите на Управниот и на Надзорниот одбор учествуваат во работата на Собранието без право на глас, освен ако се акционери.“.

**Член 4**

Во дел I. **„Општи одредби“** се врши измена на **член 4** и истиот ќе гласи:

„Собранието на Банката ги врши следните работи:

1) ги усвојува Статутот и измените и дополнувања на Статутот на Банката;
2) ги разгледува и го усвојува годишниот извештај за работење на Банката заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
3) ги разгледува и ги усвојува извештајот на друштвото за ревизија и писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор;
4) ги усвојува годишната сметка и финансиските извештаи на Банката;
5) одлучува за употреба и распоредување на остварената добивка или за покривање на загубите;
6) одлучува за нова емисија на акции на Банката;
7) одлучува за статусни промени и за престанок на работење на Банката;
8) ги именува и ги разрешува членовите на Надзорниот одбор;
9) избира друштво за ревизија и одлучува по предлогот за раскинување на договорот со друштвото за ревизија;
10) донесува деловник за работа на Собранието и
11) одлучува и за други прашања од значење за работењето на Банката.

Одлуката на Собранието за именување членови на Надзорен одбор на Банката ќе стапи во сила по добивањето Согласност од гувернерот на Народна банка на Република Македонија.“.

**Член 5**

Член 5, член 6 и член 7 од дел I. **„Општи одредби“** се бришат.

**Член 6**

Во дел **II „Свикување Собрание на акционери на Банката, пријавување и евиденција за присуство на Собранието на акционери на Банката“**, член 8, кој станува **член 5**, се менува и ќе гласи:

„Собранието на Банката се свикува најмалку еднаш годишно.

Годишното собрание на Банката задолжително се одржува пред истекот на пет месеци од календарската година за претходната година.

Банката е должна во рок од 15 дена по одржувањето на Собранието на Банката, до Народната банка да го достави Записникот од одржаното Собрание заедно со материјалите и донесените одлуки.“

**Член 7**

Во дел **II „Свикување Собрание на акционери на Банката, пријавување и евиденција за присуство на Собранието на акционери на Банката“**, член 9, кој станува **член 6**, се менува и ќе гласи:

„Собранието на Банката го свикува Надзорниот одбор на Банката со мнозинство гласови од своите членови, по своја иницијатива или по барање на акционер на Банката.

Барање за свикување Собрание на Банката можат да поднесат акционери кои имаат најмалку една десетина од сите акции со право на глас.

Во барањето за свикување на Собранието акционерите мора да ги наведат целта и причините на свикувањето на Собранието, своето име и презиме, место на живеење и ЕМБГ, односно фирмата, седиштето и ЕМБС ако акционерот е правно лице и извод од акционерската книга издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас коишто ги поседува во Банката.

Надзорниот одбор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето за свикување Собрание донесува одлука за прифаќање или за одбивање на барањето. Во одлуката за одбивање на барањето мора да се наведат причините поради коишто е така одлучено.

Ако по барањето на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Надзорниот одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесување на барањето, акционерите можат да поднесат предлог за свикување Собрание до судот.“

**Член 8**

Во дел **II „Свикување Собрание на акционери, пријавување и евиденција за присуство на Собрание на акционери на Банката“**, член 10, кој станува **член 7**, се менува и ќе гласи:

„Јавниот повик, односно поканата за свикување на Собранието ги содржи следниве податоци:

1) името и седиштето на Банката;
2) местото и датумот и часот на одржување;
3) други процедурални формалности пропишани со Статутот што се од значење за присуството на Собранието и за начинот на гласање;
4) дневниот ред според кој ќе работи Собранието;
5) начинот на којшто се достапни материјалите што се подготвени на Собранието коешто е свикано;
6) описот на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на Собранието;
7) адресата на интернет-страницата на Банката на која ќе бидат достапни информациите за содржината на јавниот повик, односно поканата за свикување седница на Собранието, вкупниот број акции и вкупниот број гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието, предложените одлуки за донесување, предложените одлуки од акционерите кои по приемот потребно е да се објават, обрасците за

гласање преку полномошник и обрасците за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, односно поканата до денот на одржувањето на Собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на Собранието.".

**Член 9**

Во дел **II „Свикување Собрание на акционери на Банката, пријавување и евиденција за присуство на Собранието на акционери на Банката"**, по член 10, кој станува член 7, се додава нов член, **член 8**, и истиот ќе гласи:

„Материјалите мора да бидат достапни до акционерите од денот на објавување на јавниот повик, односно од испраќањето на поканата.

Свикувањето на Собранието на Банката може да се отповика-одложи најдоцна пет работни дена пред одржувањето на Собранието на начин на кој Собранието и било свикано.".

**Член 10**

Во дел **II „Свикување Собрание на акционери на Банката, пријавување и евиденција за присуство на Собранието на акционери на Банката"**, по член 8, се додава нов член, **член 9**, и истиот ќе гласи:

„Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува Надзорниот одбор, односно лицето овластено за свикување Собрание.

Пред почетокот на седницата на Собранието, на акционерите на увид им се достапни:

- списокот на пријавени и присутни акционери, лично или преку полномошник;
- списокот на акционери кои гласале со електронски средства:
- списокот на акционери кои гласале со кореспонденција.

Списоците означени во претходниот став, пред почетокот на одржување на Собранието, Надзорниот одбор, односно лицето овластено за свикување на Собранието ги споредува со состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на Собранието.

Пред почетокот на одржување на Собранието, списокот на пријавени и присутни акционери на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер, со што го верификува своето присуство на Собранието. Потпишаниот список со свој потпис го заверуваат претседавачот на Собранието и записничарот. По заверката на записникот, претседавачот на Собранието го констатира кворумот за работа.

Заверениот список од претходниот став на овој член им се дава на увид на сите учесници на Собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на Собранието може да бара копија од потпишаниот список на свој трошок, кој трошок не може да биде поголем од вистински направениот трошок.".

**Член 11**

Во дел **II „Свикување Собрание на акционери на Банката, пријавување и евиденција за присуство на Собранието на акционери на Банката"**, по член 9, се додава нов член, **член 10**, и истиот ќе гласи:

„Акционерите на Банката можат да овластат полномошник на седница на Собран---
ие со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат

полномошното кај нотар. Акционерите треба веднаш да ја известат Банката за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционерот кој нема да ја извести Банката за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Банката изготвува полномошно во писмена форма на посебен образец кој е достапен за преземање од интернет-страницата на Банката, така што акционерите ќе можат да го преземат електронски за да го отпечатат, да го пополнат и да го потпишат. Во случај акционерот од која било причина технички да не може да го преземе образецот за давање полномошно од интернет-страницата на Банката, истиот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.

Банката ќе го уважи полномошното дадено во писмена форма ако е писмено известена од акционерот-давател на полномошното. Банката може да бара утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, односно за верификација на инструкциите за гласање ако такви му се дадени на полномошникот. Полномошното ќе се прифати за полноважно и без нотарска заверка или потврда од домашен или странски надлежен орган.

Полномошното има важност две години од денот на неговото издавање, освен ако не биде порано отповикано.

Одредбите на овој член соодветно се применуваат и на откажување на полномошното по писмен пат.“.

**Член 12**

Се врши измена на насловот на глава III од Деловникот за работа на Собранието на акционери и истата ќе гласи: **„3. Кворум за работа на Собранието на акционерите на Банката.“**.

**Член 13**

Во дел **3 „Кворум за работа на Собранието на акционерите на Банката“** се врши измена и дополнување на член 11, при што по став 1 се додава нов став, и **став 2** од истиот член ќе гласи:

„Освен во случаите одредени со закон и со Статутот, Собранието на Банката одлучува со мнозинството од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени на Собранието.“.

**Член 14**

Во дел **3. „Кворум за работа на Собранието на акционерите на Банката“**, во **член 11** се врши измена на став 2, кој станува став 3, и **став 3** од истиот член ќе гласи:

„Собранието на акционери на Банката одлучува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под 2/3 од акциите со право на глас кои учествуваат во работата, односно се претставени на Собранието, за зголемување или намалување на акционерскиот капитал, статусни промени на Банката, промена на фирма и седиштето, како и други случаи утврдени со закон.“.

**Член 15**

Во дел **3. „Кворум за работа на Собранието на акционерите на Банката“**, во **член 11** по став 3 се додава нов став, **став 4**, и став 4 од истиот член ќе гласи:

„Одлуката за донесување на Статутот или измени и дополнувања на Статутот се усвојува од Собранието на акционерите на Банката со мнозинство гласови од вкупниот број акции со право на глас.“.

**Член 16**

Во дел **3. „Кворум за работа на Собранието на акционерите на Банката“** се врши измена на **член 12**, при што став 1 од истиот член се брише.

Ставовите 2 и 3 стануваат став 1 и став 2.

**Член 17**

Во дел **3. „Кворум за работа на Собранието на акционерите на Банката“** се врши измена на **член 12** став 3, кој сега станува **став 2**, при што се бришат зборовите: „и се одлучува само по прашања утврдени во дневниот ред за прво свиканото собрание“ и **став 2** од истиот член ќе гласи:

„На презакажаното Собрание учеството повторно не се пријавува.“.

**Член 18**

Се врши измена на насловот на глава IV од Деловникот за работа на Собранието на акционери и истата ќе гласи: „**4. Работа на седниците на Собранието на акционери**“.

**Член 19**

Во дел **IV „Работа на седниците на Собранието на акционери“** се врши измена на **член 13** и истиот ќе гласи:

„Собранието на Банката работи на седници, кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Собранието избира претседавач, кој претседава со седницата на Собранието, записничар и два заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар.

Собранието може да избере и двајца бројачи на гласови кои ги пребројуваат гласовите при јавно гласање и ја спроведуваат постапката за тајно гласање.

Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на Банката, што претставува надлежност на другите органи на Банката, освен ако тоа со закон не е поинаку определено.

Со седницата на Собранието претседава претседавач, кој го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието.

Мандатот на претседавачот трае до изборот на нов претседавач на наредното Собрание на Банката.

За претседавач на Собранието на Банката може да биде избран секој акционер или лице кое застапува акционер.

За претседавач на Собранието на Банката не може да биде избран член на Надзорниот и на Управниот одбор на Банката.“

**Член 20**

Во дел **IV „Работа на седниците на Собранието на акционери“** се врши измена на **член 14 став 6** и став 6 од истиот член ќе гласи:

„Присутните на седницата претседавачот јавно ќе ги опомени ако пречат на кој било учесник во излагањето.“

**Член 21**

Во дел **IV „Работа на седниците на Собранието на акционери“**, член 18 став 1 се брише и **член 18** ќе гласи:

„Акционерите на Банката можат да гласаат со кореспонденција пред денот на одржување на Собранието, со испраќање пополнет образец, кој во оригинал мора да биде примен во Банката, без обврска за нотарска заверка или, пак, потврда од домашен или странски надлежен орган.“.

**Член 22**

Во дел **IV „Работа на седниците на Собранието на акционери“**, се врши измена на член 20 став 1 и **член 20 став 1** ќе гласи:

„На Собранието акционер не може да гласа за одлука што го ослободува лично од обврска, од некое побарување коешто Банката го има спрема него или од одговорност или кога му се признава некаква предност или привилегија на сметка на друштвото, односно кога се гласа за одлука да се поведе судска или друга постапка против него, освен ако со закон не е поинаку определено,“

**Член 23**

Во дел **IV „Работа на седниците на Собранието на акционери"**, се врши измена на член 20 став 3 и **член 20 став 3** ќе гласи:

„Ако акционерот постапи спротивно на став 1 од овој член, одговара за штета којашто ќе ја претрпи Банката, освен ако докаже дека мнозинството би било постигнато и без неговиот глас."

**Член 24**

Во дел **VI „Начин на гласање на Собранието"**, **член 24, став 1** се менува и гласи:

„Начинот на гласањето го определува претседавачот на Собранието, доколку Собранието не определи посебен начин на гласање.".

**Член 25**

Во дел **VI „Начин на гласање на Собранието"**, во **член 24,** по став 1 се додава нов **став 2** и истиот ќе гласи:

„Одлуките на Собранието се донесуваат со јавно гласање, доколку за определени точки од дневниот ред не се донесе одлука за тајно гласање.".

Став 2, став 3 и став 4 стануваат став 3, став 4 и став 5.

**Член 26**

Во дел **VII „Начин на спроведување тајно гласање"** се врши измена на **член 29,** при што став 4 и став 5 од член 29 се бришат и истиот член ќе гласи:

„Гласачкото ливче мора да ги содржи имињата и презимињата на сите кандидати кои се избираат со тајно гласање.

Кога се врши тајно гласање, ливчето за гласање мора да ги содржи прашањата за кои што ќе се гласа, опцијата за гласање „за", „против", „воздржан" за секое прашање или група прашања или друга јасна опција, како и објаснување за начинот на којшто се врши тајното гласање.

По исклучок ако ниту еден акционер не стави забелешка на гласањето, односно не побара целосен отчет за резултатите од гласањето, Банката може да ги утврди резултатите од гласањето само до степен потребен за да се прикаже дека потребното мнозинство за секоја одлука е постигнато.".

**Член 27**

Се врши измена на насловот на глава VIII од Деловникот за работа на Собранието и истиот ќе гласи: **„8. Записник од одржаното Собрание на акционери"**.

**Член 28**

Одлуката за измена и дополнување на Деловникот за работа на Собранието на акционери стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ЧЕТВРТА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се разгледува на 4-тата точка од дневниот ред Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола. Се чита Предлог - одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола објавена на веб страна и на интернет страната на Македонската берза која е и составен дел на материјалите за Собрание. По однос на предметните измени и дополнувања на Статутот на банката, банката поднесе Барање за издавање на претходна согласност до НБРМ. По однос на барањето НБРМ со допис побара корекција на чл.5 од Предлог-одлуката. Банката изврши соодветна корекција на чл.5 и истата беше разгледанат од УО и прифатена од НО. Одлуката за измена на Статутот

стапува во сила по усвојувањето на измените и дополнувањата и по добивање на претходна согласност од Гувернорот на НБРМ. Финалната верзија на Предлог-одлуката Ви ја доставуваме на увид во хартиена форма и истата е објавена на интернет страната на банката и на Македонската берза. НБРМ вчера на ден 16.05.2017 година донесе Решение со кое ја издаде претходната согласност за измените на Статутот на банката, содржани во Предлог одлуката НО бр.02-7629/1/I.I-2 од 11.04.2017 година и НО бр.02-9298/1/1-2 од 08.05.2017 година, па по прифаќањето на ова одлука за измени на статутот, та а с конечна.-----------------------------------------------------------------------------

Председавачот појасни дека согласно одредбите на статутуот, за ова одлука да се смета за донесена треба да гласаат 50% плус 1 од вкупниот број на акции со право за глас, запишани во акционерската книга. -------------------------
По ова точка председавачот отвори претрес но никој не се јави за збор.---------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот ја стави на гласање за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола па акционерите со 294.409 гласови ЗА што претставуваат 75,4%од вкупниот број на акции со право на глас запишани во акционерската книга, ниту еден ПРОТИВ и 3.497 гласови ВОЗДРЖАНИ, кои претставуваат 0,9% од вкупниот број на акции со право на глас запишани во акционерската книга, ја донесоа следната -----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------------

**за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола**

**Член 1**

Предмет на оваа Предлог-одлука е измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, НО бр. 02-3593/1/I-1 од 22.2.2017 година.

**Член 2**

Во Статутот на Стопанска банка а.д. Битола, НО бр.02-3593/1/I-1 од 22.2.2017 година, во **член 7 став 3, член 19 став 1** и **став 2, член 29 став 1, член 30 став 1, член 39 став 1, член 46 став 3, член 69 став 2** и **став 3, т. 23, т.25, т. 28** и **т.29, член 73 став 1 алинеја 2, член 79 став 6 т.3, член 85 став 5, член 87 став 1 т.10, член 87 став 5 т.4, член 87 став 6, член 87 став 7, член 89 став 1, член 104 став 2, член 105 став 8, член 106, член 107 став 5, член 107 став 6, член 109 став 1, член 110 став 1, член 112 став 3 т. 2, член 112 став 3 т.10, член 116 став 8, член 117 став 2 т. 1, член 117 став 2 т.2, член 117 став 7 , член 117 став 8, член 118 став 1, член 126 став 2, член 138 став 1 алинеа 1** и **член 138 став 1 алинеа 2,** по зборовите: „Народна банка" се додаваат зборовите: „на Република Македонија"

**Член 3**

Се врши измена на **член 72 став 2,** при што зборовите: „најдоцна пет работни дена" се заменуваат со зборовите: „најдоцна седум работни дена" и став 2 од истиот член ќе гласи:

„Седниците на Надзорниот одбор ги закажува и со нив раководи претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик-претседателот на Надзорниот одбор. Седниците се закажуваат по писмен пат или по е-маил со претходно доставена покана потпишана од претседателот на Надзорниот одбор, а во негово отсуство заменик-претседателот на Надзорниот одбор, доставување на предлог на дневен ред и материјали, најдоцна седум работни дена пред одржувањето на седницата. Како доказ дека предлогот на дневниот ред и

материјалите се примени од членовите на Надзорниот одбор се смета личната достава со потпис од примачот или препорачана пратка, писмо со повратен рецепис или повратен е-маил со потврда за примени дневен ред и материјали.".

**Член 4**

Се врши измена на **член 74 став 2,** при што зборот: „најпрво" се заменува со зборот: „најпрвин" и став 2 од истиот член ќе гласи:

„Учеството на состанокот организирани со телеконференциска врска се потврдува најпрвин гласовно од секој член поединечно со изговарање на неговото име и презиме, за што се води тонски запис а потоа се запишува во записникот на Надзорниот одбор, кој го потпишуваат сите членови што учествуваат на состанокот, организиран на начин од став 1 од овој член.".

**Член 5**

Во **член 75** по став 1 се додава нов став, став 2, и **став 2** на истиот член ќе гласи:

„ За одлуките кои би се донеле без одржување на седница, претходна согласност дава претседателот на Надзорниот одбор на Банката ".

Став 2, став 3 и став 4 стануваат став 3, став 4 и став 5.

**Член 6**

Се врши измена на **член 85 став 3** и став 3 од истиот член ќе гласи:

„Со одлука на Надзорниот одбор се врши поделба на надлежностите меѓу членовите на Управниот одбор на Банката по одделни сегменти од работењето на Банката, и тоа:

- Претседателот на Управниот одбор е надлежен за работењето со општите правни работи, Кабинетот на Управниот одбор, работење со правни лица, работење со физички лица, мрежата на експозитури и работата на ОСИС лицето;
- Еден од членовите на Управниот одбор е надлежен за управувањето со ризици, поддршка и финансии, усогласеност со прописи, спречување на перење пари и финансирање на тероризам и човечки ресурси;
- Другиот член на Управниот одбор е надлежен за процесингот на Банката, управување со имот и безбедност, организација и ИТ и маркетинг и комуникации.".

**Член 7**

Се врши измена на **член 90 став 5,** при што зборот: „сообразуваат" се заменува со зборот: „соодветствуваат", и став 5 од истиот член ќе гласи:

„При определување на вкупните примања на членовите на Управниот одбор (плата, учество во добивката, надомест на осигурување и друго), вкупните примања соодветствуваат со неговите задачи и личниот придонес во успешноста на работењето на Банката.".

**Член 8**

Се врши измена на **член 97 став 2,** при што зборот: „раководителот" се заменува со зборот: „директорот", и став 2 од истиот член ќе гласи:

„Организационата поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациони делови во Банката, како и одговорноста и условите за назначување на директорот на Секторот за внатрешна ревизија ги уредува Надзорниот одбор.“.

**Член 9**

Се врши измена на **член 100 став 1,** при што зборот: „должна“ се заменува со зборот: „ должен“, и став 1 од истиот ќе гласи:

„Секторот за внатрешна ревизија е должен веднаш да ги извести Надзорниот одбор и Управниот одбор на Банката доколку во текот на контролата утврди:

1) непочитување на стандардите за управување со ризиците поради што постои можност за нарушување на ликвидноста или солвентноста на Банката и
2) дека Управниот одбор не ги почитува прописите, општите акти и интерните процедури на Банката.“.

**Член 10**

Се врши измена на **член 120 став 1** и истиот член ќе гласи:

„Вработените на Банката своите права и обврски ги остваруваат согласно актите на Банката како и во согласност со постоечките средства на Банката кои се утврдуваат според резултатите на работењето на Банката.“.

**Член 11**

Останатите одредби на Статутот остануваат непроменети и во сила.

**Член 12**

Собранието на акционери го овластува Надзорниот одбор на Банката да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува во сила по усвојување на измените и дополнувањата на Статутот од страна на Собранието на Банката и по добивање на претходна согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ПЕТТА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се премине кон петтата точка од днервниот ред Годишен извештај за работењето на Стопанска банка АД Битола за 2016 година. Се чита мислењето на Надзорниот одбор и се чита предлог одлуката заусвојување на Годишен извештај за работењето на Стопанска банка АД Битола за 2016 година, која е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и која е составен дел на материјалите за ова собраните. По ова точка председавачот отвори претрес и за збор се јави само акционерот Мирко Брдаровски кој кажа дека ја издвои оваа точка од дневниот ред како најважна. Во врска со работењето на банката подготви пишан текст кој го прочита пред акционерите, а потоа пишаниот текст го предаде на нотарот со цел истиот да биде составен дел на записникот, заедно со материјалите за ова собрание, во кој во бројки зборуваше споредбено за податоците за приходите, расходите, добивката, капиталот на банката, за годините 2013, 2014, 2015 и 2016 година, со осврт на трошоците на работењето. ---------------------------------------------------------------------

Председавачот ја стави на гласање предлог одлуката за усвојување на Годишен извештај за работењето на стопанска банка АД Битола за 2016 година, па акционерите со 297.906 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------- **О Д Л У К А** ----------------------------------------------

**За усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година, заедно со писменото мислење по истиот изготвено од страна на Надзорниот одбор.-----------------------------------------------------------------

**Член 2**

Извештајот од претходниот член претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ШЕСТА ТОЧКА.** Председавачот предложи да се премине кон шестата точка од дневниот ред Извештај за работата на Надзорниот Одбор на Стопанска банка АД Битола за 2016 година од аспект на поединечните членови и колективно. Предлог одлуката е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и е составен дел на материјалите за ова собрание.Председавачот отвори претрес по ова точка од дневниот ред, но никој не се јави за збор.------------------------------------------------------------------

Председавачот предложи од аспект на извештајот за работа на Надзорниот одбор, да се спроведе постапка за поединечно гласање за секој член поединечно, а потоа да се гласа за текстот на предлог одлуката во целина. При спроведеното поединечно гласање сите членови на Надзорниот одбор Ненад Јосифовиќ, Панче Нефтенов, Кирил Митровски, Иванчо Велјановски, Дејан Панделевски, Александра Радевска и Коста Костадиновски, добија ист број на гласови, секој по 297.906 гласови ЗА поединечно и колективно за одлуката во целина, па се констатира дека акционерите со 297.906 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната -------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------- **О Д Л У К А** ----------------------------------------------

**За усвојување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола за 2015 година, од аспект на поединечните членови и колективно**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола за 2016 година, од аспект на поединечните членови и колективно.-------------------------------------------------------------------------------

**Член 2**

Извештајот од претходниот член претставува составен дел на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**СЕДМА ТОЧКА**. Се премина на разгледување на седмата точка од дневниот ред Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола по годишна сметка за 2016 година од ревизорската куќа Grand Thornton ДОО Скопје, со Мислење од Надзорниот одбор. Председавачот кажа дека овој извештај, со предлог одлуката и мислењето на Надзорниор Одбор се објавени на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и се составен дел на материјалите за ова собраните.Председавачот збор и даде на представникот на Grand Thornton ДОО Скопје, Сузана Ставриќ .-----------------------------------------------------------------

Сузана Ставриќ изјави дека ревизорската куќа извршила ревизија на финансиските извештаи по годишната сметка за 2016 година, според сите меѓународни стандарди.Финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола објективно ја изразуваат финансиската состојба на банката, резултатите од работењето и паричните текови. Покрај ова согласно законската регулативе, даваат и мислење за конзистентноста на финансиските информации кои се содржани во годишните извештаи за работа на банката, со оние вклучени во годишната сметка и во ревидираните финансиски извештаи. Мислење на ревизорската куќа е дека сите овие финансиски информации, се конзистентни.---------------------------------------------

Председавачот отвори претрес по ова точка и за се јави за збор акционерот Мирко Брдаровски кој постави прашање, дали ревизорската куќа дава мислење на банката за тоа како треба да работи, на што Сузана Ставриќ одговори, дека ревизрите не даваат такви мислења, одговорност на ревизорот е да утврди дали финансиските извештаи се точни со документацијата врз основа на кои се изработени, а работењето на банката е одговорност на раководството. ----------------------------------------------------------------------------------

Предлог одлуката по ова точка од дневниот ред председавачот ја стави на гласање и акционерите со 297.906 гласови ЗА што представуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас представени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ---------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------ **О Д Л У К А** ------------------------------------------

**За усвојување на финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година ревидирани од Друштвото за ревизија Grand Thornton ДОО Скопје и Мислење од Надзорниотодбор**

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

Се усвојуваат финансиските извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година ревидирани од страна на Друштвото за ревизија „Грант Торнтон ДОО Скопје“ според Методологијата на НБРМ и Мислењето за извештаите од Надзорниот одбор на Банката.

**Член 2**

Усвоените финансиски извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година ревидирани од страна на Друштвото за ревизија „Грант Торнтон ДОО Скопје“ според Методологијата на НБРМ и Мислењето за извештаите од Надзорниот одбор на Банката се составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување од страна на Собранието.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ОСМА ТОЧКА.** Се премина на разгледување на осмата точка од дневниот ред Годишна сметка на Стопанска банка АД Битола за 2016 година со предлог одлука за усвојување. Председавачот констатира дека предлог одлуката за усвојување на Годишна сметка на Стопанска банка АД Битола за 2016 година, е објавена на веб страната, на интернет страната на Македонската берза и е составен дел на материјалите за ова собраните. Председавачот отвори претрес по ова точка и никој не се јави за збор, единствено акционерот Петар Ристевски како полномошник на акционерот Јаким Ивановски приложи кон овој записник пишан текст во ракопис на три страници, кој не го прочита и кој не е потпишан, насловен како “Забелешка за дискусија”, а побара истиот да биде составен дел на материјалите за ова собрание, во кој акционерот ги истакнува своите забелешки и видувања во врска со точките од дневниот ред и поставува прашање. Предлог одлуката председавачот ја стави на гласање и присутните акционери со 294.409 гласови ЗА што претставуваат 98,83% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и 3.497 гласови ВОЗДРЖАНИ што претставува 1,17%, од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ја донесоа следната ---------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------ О Д Л У К А ------------------------------------------**

**за усвојување на Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола на 31.12.2016 година**

------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

Се усвојува Годишната сметка на Стопанска банка а.д. Битола за 2016 година со следните биланси:
Биланс на состојба на 31.12.2016година и
Биланс на успех од 1.1 до 31.12.2016година.

**Член 2**

Во Билансот на состојба се искажани следните состојби:

| | |
|---|---|
| Вкупна актива | 10.580.549.619,00 денари; |
| Вкупна пасива | 10.580.549.619,00 денари. |

**Член 3**

Во Билансот на успех за утврдување на добивката вкупните приходи и расходи изнесуваат:

| | |
|---|---|
| 1.Приходи | 646.539.545,00 денари; |
| 2.Расходи | 611.190.590,00 денари; |
| 3.Добивка | 35.348.955,00 денари. |

**Член 4**

Остварената бруто-добивка изнесува 35.348.955,00 денари и се состои од:

| | |
|---|---|
| 1.Даночна добивка | 5.282.385,00денари; |
| 2.Нето-добивка | 30.066.570,00денари. |

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 31.12.2016 година.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДЕВЕТТА ТОЧКА.** Се премина на разгледување на деветтата точка од дневниот ред Предлог одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2016 година на Стопанска банка а.д.Битола. Се чита предлог одлуката. ------------------------------------------------------------------------
Председавачот отвори претрес по ова точка и никој не се јави за збор, единствено акционерот Мирко Брдаровски даде краток коментар, дека дивидендата е едно од најважните прашања за акционерите, дека добро би било да имаше дивиденда, барем и помал износ, кој би бил стимулативен за акционерите. Предлог одлуката се стави на гласање и присутните акционери со 297.906 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание, ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната ------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------- **О Д Л У К А** --------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**За употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2016 година на Стопанска банка а.д. Битола**

--------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Член 1**

Стопанска банка а.д. Битола остварената добивка по годишната сметка за 2016година во износ од 30.066.570,00денари ја распоредувакако следува:

- 30.066.570,00денари се распоредува во законски резерви.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по потврдувањето од Собранието на Банката.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Откако се исцрпи дневниот ред, Председавачот, им се заблагодари на присутните акционерти и 40-та седница на собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола ја прогласи за затворена во 14 часот и 10 минути.------------------------------------------------------------------------------------

Председавач со Собранието на акционери
с.р.
------------------------------------
Томислав Давков

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Јас **Нотар ЛУИЗА ХРИСТОВА П О Т В Р Д У В А М** дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието -------------
Председавачот со акционерското Собрание Томислав Давков го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ---------------------------------------------------------------
Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 19 листови и 19 страни--
Изворникот со придружната документација останува кај нотарот, а Стопанска банка АД Битола добива четири изводи -----------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 27 од Законот за судски такси во врска со чл.158 став 3 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена -----------
Нотарската награда е пресметана во износ од 14.000,00 денари и трошоци 1.710,00 денари, согласно чл.41 и 52 од Нотарска тарифа -------------------------
**ОДУ бр.409/17**
Битола 17.05.2016- седумнаесетти мај две илјади и седумнаесетта година-----

Томислав Давков с.р.
---------------------------------------------

**НОТАР**
**ЛУИЗА ХРИСТОВА**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА БИТОЛА

**Јас, НОТАР ЛУИЗА ХРИСТОВА**
**за подрачјето на Основниот суд Битола**

потврдувам дека е овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е **прв** **извод** - потполн - во извадок , кон кого **не се приложени** преписи од прилогот на нотарската исправа.

**Број: ОДУ409/2017** **НОТАР**
**Во Битола 17.05.2017 год.**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ЛУИЗА
ХРИСТОВА
БИТОЛА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
ЛУИЗА
ХРИСТОВА
БИТОЛА